Center for Legal and Political Research, Faculty of Law,

Goce Delcev University in Shtip, Republic of Macedonia

FIRST INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

**ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ**

**SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD**

**СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

# PROCEEDINGS

**Shtip, 2014**

First International Scientific Conference: SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD
© 2014 Copyright Goce Delcev University-Shtip, Republic of Macedonia.
Address: Goce Delcev University - Shtip, Faculty of Law, ul. Krste Musirkov bb, PO box 201, 2000, Shtip, R. Macedonia. www.ugd.edu.mk; www.clprmk.org.

**Печати / Print** **2- ri Avgust- Shtip**

**Графичка подготовка – Центар за Правно- политички истражувања**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42(100)(062)

INTERNATIONAL scientific conference (1 ; 2014 ; Shtip)
Општествените промени во глобалниот свет = Social change in the global world = СоциалЂные изменения в глобалЂном мире : зборник на трудови = proceedings / First international scientific conference. - Shtip : Goce Delcev University, 2014. - 1172 стр. ; 24 см

Трудови на повеќе јазици. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-129-0

а) Општествени промени - Свет - Собири
COBISS.MK-ID 97561098

# Table of Contents

**Поздравно обраќање на Академик Владо Камбовски, Претседател на Македонската академија на науките и уметностите** ..... 11

**LAW** ..... **15**

ТЕХНИЧКИ СОВЕТНИЦИ, НОВО РЕШЕНИЕ ИЛИ КОЗМЕТИЧКА ИЗМЕНА НА ВЕШТАЧЕЊЕТО ВО МАКЕДОНСКИОТ ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА
**Никола Мицковски** ..... 17

РЕВИЗИЈА: СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА ДОЗВОЛЕНОСТ НА РЕВИЗИЈА, ПРИЧИНИ ЗА РЕВИЗИЈА И ПОСТАПКА ПО РЕВИЗИЈА ПРОТИВ ПРЕСУДА
**Војо Беловски** ..... 33

ПОСТАПКИ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Светлана Вељановска, Арсе Петрески** ..... 53

THE CONSTITUTIONAL AND INSTITUTIONAL PROTECTION AGAINST DISCRIMINATION IN BOSNIA AND HERZEGOVINA IN THE POST-DAYTON ERA
**Davor Trlin** ..... 67

О ПРАВЕ НА ГРАЖДАНСТВО В РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ: НЕКОТОРЫЕ ПРОБЛЕМЫ РЕАЛИЗАЦИИ
**Вера Бабурина** ..... 81

ПРИМЕНА МЕЂУНАРОДНИХ СТАНДАРДА О СУЂЕЊУ У ОДСУСТВУ ОКРИВЉЕНОГ
**Саша Кнежевић, Иван Илић** ..... 95

THE PHENOMENON OF MULTIPLE DISCRIMINATION AND ITS PROTECTION UNDER THE ANTI-DISCRIMINATION LEGISLATION
**Zaneta Poposka** ..... 113

ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**Јелена Ристиќ** ........................................ 127

ТОВАРЕН ЛИСТ – КОНОСМАН ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ПРЕВОЗ НА СТОКА ПО ВОДЕН ПАТ
**Саша Дукоски** ........................................ 143

THE PIERCING OF THE CORPORATE VEIL DOCTRINE: A COMPARATIVE APPROACH TO THE PIERCING OF THE CORPORATE VEIL IN EUROPEAN UNION AND MACEDONIA
**Borka Tushevska** ........................................ 163

БЕНЕФЕЦИИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ДИСЦИПЛИНА ВРЗ ЛИКВИДНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА
**Александар Костадиновски, Марија Стевковиќ** .................... 189

СОВРЕМЕНИ ИСТРАЖНИ МЕТОДИ НА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ СО ОСВРТ НА НИВНАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКАТА ЛЕГИСЛАТИВА
**Елена Иванова, Нада Донева** ........................................ 203

КОРПОРАТИВЕН КРИМИНАЛ
**Васко Стамевски, Елизабета Стамевска** .................... 245

ДЕЦЕНИИТЕ НА КАЗНЕНО-ПРАВНИТЕ РЕФОРМИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:ПРЕВЕНЦИЈА И РЕПРЕСИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ И ПРАВНАТА СИГУРНОСТ
**Татјана Велкова** ........................................ 263

ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НОВАТА КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПРОТИВ ДЕЦА
**Гордана Бужаровска Лажетиќ, Олга Кошевалиска, Лазар Нанев** ........................................ 277

SOME ASPECTS OF EMPLOYEES INFORMING AND CONSULTING IN ACCORDANCE WITH THE LABOR LAW AND LAW ONSAFETY AND HEALTHAT WORK
**Marko Andonov, Zoran Mihajloski, Kristina Misheva, Ljupcho Petkukjeski** ........................................ 295

РАСПРАВА О КРУГУ СУБЈЕКАТА КОЈИМА СЕ ПРИЗНАЈЕ ПРАВО НА НУЖНИ ДЕО
**Новак Крстић** ........................................ 311

RIGHT FOR HEALTH PROTECTION OF THE CITIZENS OF THE REPUBLIC OF CROATIA IN OTHER EU MEMBER STATES
**Anton Petricevic, Darko Kucan** ........ 333

THE IMPACT OF CERTAIN RULES OF ROMAN PUBLIC LAW (LUS PUBLICUM) ON THE CONTEMPORARY LAW
**Marija Ignjatovič** ........ 357

ПРАВНА РАМКА НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ВО Р. МАКЕДОНИЈА
**Марија Амповска** ........ 369

**POLITICS ........ 387**

POLITICAL GEOGRAPHY GEOPOLITICAL STRATEGIST, IN THE CONTEXT OF CONTEMPORARY DEVELOPMENT OF THE REPUBLIC OF BULGARIA
**Tihomir Licev** ........ 389

РОЛЬ ОБЩЕНАЦИОНАЛЬНОЙ (ГОСУДАРСТВЕННОЙ) ИДЕОЛОГИИ УСТОЙЧИВОГО РАЗВИТИЯ В СОВРЕМЕННОМ МИРЕ
**Наталия Бутусова** ........ 401

POLITICAL AND ECONOMIC EFFECTS OF THE NEW REGIONALISM: PRESENTED THROUGH THE EUROPEAN UNION
**Elena Tilovska-Kecedzi, Elizabeta Tosheva** ........ 419

ВРЕДНОСТИТЕ И ПРИНЦИПИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НАСПРОТИ НОВИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ ЗАКАНИ: СЛУЧАЈОТ СО УКРАИНА
**Ана Никодиновска Крстевска** ........ 435

ОБ ИЗМЕРЕНИИ ОБЩЕСТВЕННОЙ ОПАСНОСТИ
**Ольга Хорошилова** ........ 445

GROUPS' RESORT TO ARMS IN NEGOTIATING SPACE IN NIGERIA: THE CENTRAL NIGERIA EXCEPTION
**Adoyi Onoja** ........ 453

ГЛОБАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ И СТРАТЕГИЈАТА НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ДРЖАВИТЕ
**Татјана Гергинова** ........ 481

THE EU POLICY OF SAP TOWARD THE WESTERN BALKANS:ELEMENTS OF REGIONAL APPROACH
**Melina Grizo** ........ 501

CONTROL AND RESPONSIBILITY OF ADMINISTRATION ACCORDING TO THE POSITIVE LEGISLATION OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA
**Jusuf Zejneli, Faton Shabani** ........ 519

ПРИНЦИП НА СЕРВИСНА ОРИЕНТАЦИЈА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА
**Дејан Витански** ........ 533

MECHANISMS OF EXTERNAL CONTROL OF THE POLICE AND THE MOST EFFECTIVE MODEL FOR REPUBLIC OF MACEDONIA
**Avziu Kebir** ........ 553

ПОТРЕБАТА ОД ЕДИНСТВЕН СИСТЕМ ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА ВО МАКЕДОНИЈА
**Драган Веселинов** ........ 581

КВАЛИТЕТНО РЕГРУТИРАЊЕ НА КАДРИТЕ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА УСПЕШНО РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ
**Слаџана Стефанова, Трајко Мицески** ........ 593

STRATEGIC MANAGEMENT AND ITS IMPLEMENTATION IN HUMAN RESOURCES IN THE PUBLIC SECTOR IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA
**Sejdi Xhemaili, Shkumbim Shabani** ........ 617

ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ ИЗБОРЕН МОДЕЛ КАКО ПРЕТПОСТАВКА ЗА ПОУСПЕШНО КОНСОЦИЈАТИВНО СПОДЕЛУВАЊЕ НА ВЛАСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Никола Амбарков** ........ 627

СОВЕТ ПО ПРАВАМ ЧЕЛОВЕКАОРГАНИЗАЦИИ ОБЪЕДИНЕННЫХ НАЦИЙ
**Юлия Владимировна Самович** ........ 645

МОДЕЛИ НА ГЛАСАЧКО ОДНЕСУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Душко Петров** ........ 663

ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА МИГРАНТИТЕ И НА ГРАЃАНИТЕ ОД НОВИТЕ ЕУ ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ
**Наташа Постоловска** ........ 675

КОНЦЕПТИ И ТЕХНИКИ НА УБЕДУВАЊЕ И МАНИПУЛАЦИЈА ВО ТЕКОТ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА
**Јован Ананиев** ........ 697

COMPARATIVE VIEW OF THE CONDITIONS AND PROCEDURES FOR THE APPOINTMENT OF AMBASSADOR
**Dejan Marolov** ........ 715

**SOCIETY ........ 723**

МИГРАЦИЈАТА ФЕНОМЕН НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА
**Росе Смилески, Љупчо Шошоловски** ........ 725

ОДНОСОТ ПОМЕЃУ ИНДИВИДУАЛНИОТ И КОЛЕКТИВНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА МЛАДИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА
**Елеонора Серафимовска, Маријана Марковиќ** ........ 741

WESTERN MUSIC FOR BANAL NATION: RE-ERECTING AVALA TV TOWER AND REMODELLING THE SERBIAN NATIONAL SOUNDSCAPE
**Srđan Atanasovski** ........ 765

RELIGION AND CULTURE IN THE GLOBAL WORLD: FROM CLASSICAL TO CONTEMPORARY SOCIOLOGICAL THEORIES OF MODERNITY, MODERNIZATION AND DEVELOPMENT
**Ranka Jeknić** ........ 777

СТРУКТУРАТА НА РАБОТОСПОСОБНОТО НАСЕЛЕНИЕ И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ НА ДЕЛУВАЊЕТО НА ХИСТЕРЕЗА КОНЦЕПТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Александра Лозаноска** ........ 807

РЕДЕФИНИРАЊЕ НА СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО САД: *ПРОГРЕСИВНА* АНАТЕМА СО РЕГРЕСИВНА ЕРОЗИЈА
**Марија Емилија Кукубајска** ........ 829

ОДНОСОТ НА РЕЛИГИЈАТА И ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ
**Даниела Коцева, Владо Петровски** ........ 841

RELIGIOUS DIALOGE AND “GLOBALIZATION OF UNDERSTANDING” IN R. MACEDONIA AND BALKAN REGION
**Zoran Matevski** ........ 849

СЕМЕЈСТВОТО И СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ
**Крсте Илиев, Наталија Попзариева** ........ 861

WEBER'S MODELS OF BUREAUCRACY IN THE AGE OF GLOBALIZATION
**Strashko Stojanovski, Jadranka Denkova, Petar Trajkov** ................ 873

**ECONOMY** ........................................................................ **883**

THE WATERS IN THE COUNTRY AS A SPECIFIC BUSINESS ECOSYSTEM
**Dragan Jovanov, Aleksandar Dejanovski** ........................................ 885

НАЦИОНАЛНИТЕ СМЕТКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – МЕТОДОЛОГИЈА, АНАЛИЗА И ТРЕНДОВИ
**Ѓорѓи Гоцков** ........................................................................ 893

ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА, ГЛОБАЛНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ И ФЕНОМЕНОТ НА СИРОМАШТИЈА
**Ирена Андрееска** ...................................................................... 911

THE IMPORTANCE OF ECONOMIC DIPLOMACY FOR A SMALL OPEN ECONOMY – THE CASE OF SLOVENIA
**Dejan Romih, Jurij Pridigar** ........................................................ 919

РОССИЙСКАЯ ПРОМЫШЛЕНОСТЬ В УСЛОВИЯХ ВТО
**Валерий Валентинович Копеин, Елена Анатольевна Филимонова, Андрей Валентинович Копеин** ........................................................ 933

ДЕТЕРМИНАНТИ НА ПРИДОНЕСОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА МАКЕДОНИЈА
**Билјана Петревска** .................................................................... 941

ПОТРЕБА ОД ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ВАЛИДАЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИСКОТО ПРЕТПРИМНИЧКО ДЕЛУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ
**Mimoza Serafimova, Snezana Bardarova** ......................................... 955

ПРЕТПРИЕМНИЧКА ИНИЦИЈАТИВА, ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И МАЛИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Марија Магдинчева-Шопова, Неда Петросла-Ангеловска, Марија Ацковска** ........................................................................ 969

FINANCIAL CRISIS IN SWEDEN AND CROATIA IN PERSPECTIVE OF EMU – THE BANKING UNION
**Ivana Bajakić, Ozren Pilipović, Nenad Rančić** ................................... 983

РЕЈТИНГ СИСТЕМИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТНИОТ РИЗИК ВО БАНКИТЕ
**Марија Сребренова Трендова** ........ 1017

FINANCE SYSTEM LOCAL GOVERNMENTS
**Marijana Ljubić, Stevica Deđanski** ........ 1041

ВЛИЈАНИЕТО НА МЕРКИТЕ НА ФИСКАЛНАТА ПОЛИТИКА ВРЗ ВРАБОТЕНОСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Елизабета Џамбаска** ........ 1051

РЕФОРМАТА НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ ВО ГЛОБАЛНИ РАМКИ (ОПШТИ ТРЕНДОВИ И ПРАВЦИ)
**Илија Груевски, Стеван Габер** ........ 1075

**MEDIA AND COMUNICATION** ........ **1103**

PEOPLE AS OBJECT AND SUBJECT OF ALBANIAN MEDIA: THE CORELATION AND OSMESES IN THE EDUCATION PROCESS IN DEMOCRATIC SOCIETY
**Laura Furxhi** ........ 1105

МЕДИАТИЗАЦИЯ НАУКИ: АЛЬТЕРНАТИВНАЯ НАУКОМЕТРИЯ И ВОЗМОЖНЫЕ СОЦИАЛЬНЫЕ ПОСЛЕДСТВИЯ ЕЁ РАСПРОСТРАНЕНИЯ
**Марина Загидуллина** ........ 1113

ПОТЕНЦИЈАЛОТНА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИЗА ПРОМОЦИЈА НА ИНФОРМАТИВНИТЕ ПОРТАЛИ
**Тања Крстева** ........ 1127

ТЕОРЕТСКИ АСПЕКТИ НА КОМУНИКАЦИЈАТА КАКО ПРОЦЕС ЗА РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ
**Сузана Џамтоска–Здравковска, Андон Мајхошев** ........ 1141

**EDUCATION** ........ **1159**

КОНТИНУИРАН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
**Даниел Павловски** ........ 1161

347.72.036/.037 (497.7)

# THE PIERCING OF THE CORPORATE VEIL DOCTRINE: A COMPARATIVE APPROACH TO THE PIERCING OF THE CORPORATE VEIL IN EUROPEAN UNION AND MACEDONIA

**Borka Tushevska, PhD, Faculty of Law, University Goce Delcev – Stip,**

**e-mail: borka.tusevska@ugd.edu.mk**

**Abstract**

Present research paper is focused on the doctrine of "*piercing the corporate veil doctrine*" in European Union and Macedonian Company law. In European Union (*hereinafter EU*) and world corporate practice, the doctrine of corporate veil present one of the most studied concept that refers to the liability of shareholders (*founders of the companies*) for the obligations of the companies. According to Macedonian company law, Macedonian legal theory and business practice, founders in the capital companies are liable according to the concept of "*calculated risk*" which means: *they are liable in range of their basic capital which they invest in the procedure of founding of the company*. Nevertheless, as in many other legal systems, our applicable law foreseen *the concept of separate liability of the members/partners* (*shareholders*), as an exception from the general established rule. This research is focused on the Macedonian corporate practice and court judgments compared with the judgments of European Court of justice, and comparative practices in other legal systems. Through the examination of this issue, our basic aim is to define how often and in which cases the courts "*lift the veil of the companies*?!" *What is the practice according to Macedonian corporate law*?! *Macedonian practice versus European practices established from the European Court of justice. Which are the legal standards of Macedonian courts for piercing the corporate veil*? *Which factual cases are suitable situations for Macedonian courts to define personal and unlimited liability of the management body and foundries of the companies?*! In order to achieve the main goals of this research, we also focused on the theoretical exploration of the basic principles of the doctrine of piercing the corporate veil of the legal entities/trade company.

*Key words: corporate governance, corporate veil doctrine, piercing the corporate veil, shareholders, share capital.*

# ДОКТРИНАТА НА ПОДИГАЊЕ НА ВЕЛОТ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ: КОМПАРАТИВНИ АСПЕКТИ НА ПОДИГНУВАЊЕТО НА ВЕЛОТ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Борка Тушевска, д-р, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,**

**e-mail: borka.tusevska@ugd.edu.mk**

**Апстракт**

Предмет на истражување во овој труд претставува доктрината на *„подигнување на велот на правното лице во Европската Унија и Македонското компаниско право."* Во Европската Унија (*понатаму во текстот ЕУ*) и светската корпоративна практика, доктрината на подигнување на велот на правното лице претставува еден од најпроучуваните концепти кои што се однесуваат на одговорноста на основачите на трговските друштва. Согласно македонската легислатива за компаниско право, македонската правна мисла и деловна практика, основачите во капиталните друштва одговараат по концептот на *„пресметан ризик,"* односно, одговараат само во висината на влогот што го дале во процесот на собирање на основачкиот капитал, или зголемување на основната главнина. Сепак, како на речиси сите правни системи, и на нашиот правен систем му е познат концептот на посебна одговорност на содружниците, предвиден како исклучок од генерално утврденото правило. Истражувањето во овој труд има за цел да ја анализира Македонската корпоративна практика и судските пресуди

споредени со практиката на Европскиот Суд за правда и практиките во компаративните системи. Преку проучувањето на ова проблематика, основаната цел е да утврдиме колку често и во кои случаи согласно Законот за трговските друштва[1] судовите го не/подигаат велот на правното лице. *Каква е перцепцијата и практиката за ова доктрината и тоа преку: Македонската практика versus Европските практики воспоставени од Европскиот Суд на правда? Кои се правните стандарди на македонските судови за подигнување на велот на правното лице? Во кои случаи судовите се одлучуваа на примена на правниот режим што ја предвидува личната и неограничена одговорност на основачите и управителите, односно органите на управување?*За потребите на истражувањето на ова поле, нужна беше и темелна теоретска анализа со цел да се осознаат основните принципи во делот на доктрината за подигнување на велот на правното лице.

***Клучни зборови:*** *корпоративно управување, доктрината на подигнување на велот на правното лице, основачки капитал, акционери, содружници.*

## Воведни напомени:

Проучувањето на доктрината за „*подигнување на велот на правното лице*" ја наменува потребата од темелна анализа на повеќе прашања од сферата на статусното трговско право. И покрај бројните теоретски и практични истражувања, научниот стимул да се истражува на ова поле никогаш нема да престане. Во правната литература се среќаваат бројни теоретски делиберации, концепти, становишта и резултати кои претежно се однесуваат на не/оправданоста на доктрината

[1] Закон за трговски друштва, Службен весник 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014 и 41/2014 (*понатаму во текстот ТЗД*).

за *„подигнување на велот на правното лице,“* и правните реперкусии од нејзината примена.

Целта на овој трудот не е само да дадеме критички осврт на доктрината за *„подигнување на велот на правното лице,“* туку и низ призмата на македонската судска практика да ја осознаеме перцепцијата на судовите за подигање на велот на правното лице. Истражувањето истовремено е насочено и кон анализа на стандардите применливи од македонските судови во случаите на подигнување на велот на правното лице. Концептот на *piercing the corporate veil* (во понатамошниот текст *pcv*) не е содржан само во чл. 28 во делот на посебната одговорност на содружниците. ЗТД во неколку членови ја имплементира доктрината на подигнување на велот на правното лице истакнувајќи дека таа се однесува и на органите на управување во друштвото, не само на основачите на друштвото.

Проучувањето на доктрината за *„подигнувањето на велот на правното лице“* наметнува високи стандарди на познавање на правото од страна на судиите и арбитрите. Теоретски, подигнувањето на велот на правното лице значи нарушување на интегритетот на правното лице како длабоко прифатена доктрина на која се базира целокупниот светски бизнис. Преку подигнување на велот на правното лице, судиите и арбитрите навлегуваат во интегритетот на правното лице што како концепт претставува еден од главните двигатели на претприемничкиот дух изразен преку: *можам да изгубам само толку колку што ќе вложам*! Овој законски предвиден концепт[2] во форма на исклучок и имплементиран преку член 28 од ЗТД проблематизира повеќе сфери од општественото живеење помеѓу кои и: *зголемувањето/намалувањето на претприемничкиот дух во бизнис секторот, редуцирање на*

[2] Иако во овој труд зборуваме само за Европските и Македонските решенија за подигнување на велот на правното лице, предмет на проучување за потребите на ова истражување беа и странските практики кои во најголем дел се имплементирани во Европските решенија како компромис помеѓу земјите на припадничкиот на континенталниот и англосаксонскиот правен поредок. Голем дел од пресудите што се анализирани за потребите на овој труд се од Англосаксонски Судови. Ова од причина што зародишот на ова теорија е во САД, и второ, методите на примена на ова теорија се идентични. Оттука, анализата на овие пресуди е во функција на теоретските концепти од континенталниот систем.

*невработеноста, подобрување или вложувањето на трудово-социјалната политика* итн.

Нашето мислење во поглед на ова концепција после спроведеното истражување е идентично со самата хипотеза поставена на почетокот и тоа: *правото не смее да замиже пред инкриминираното однесување на физичките лица со злоупотреба на правното лице. Основата во водењето на бизнисот е добрата волја, бизнис лојалноста и довербата во однесувањето помеѓу деловните партнери.* Секој деловен потфат основан со поинакви намери е *„рак рана"* за стопанството. Ваквото однесување најчесто е на линија на инкриминирано однесување на *„одговорот на управување,"* и не ретко основа за отворање на стечајна постапка чии последици се рефлектираат во низа гранки на општественото живеење.[3]

Во суштина, соодветната примена на ова доктрина е условена од стручноста и професионалноста на судите и арбитрите во постапките. При донесувањето на одлуката за подигнување на велот на правното лице, нужно е да се утврди постоењето на злоупотреба што честопати претставува остварување на конкретно инкриминирано однесување од страна на основачите, органите на управување или органите на надзор. За таа цел, во практичното решавање на ова проблематика, нужно се наметнува одлучувањето по одредено *„претходно прашање"* за кое судот пред кој што се води постапката може да заземе став или зависно од природата на предметот да ги упати странките да се обратат на надлежен суд или орган.[4]

[3] Види повеќе за ова: Gerner-Beuerle C., Schuster E., The costs of Separation: Friction between Company and Insolvency Law in the Single Market, LSE Law, Society and Economy Working Papers, 6/2014, p. 9.

[4]Одлучувањето по прашањето за *„подигнување на велот на правното лице"* честопати е условено од утврдувањето на постоењето или непостоењето на инкриминирано однесување од страна на основачите/управителите во деловните субјекти. Во однос на проблематиката за *„подигнувањето на велот на правното лице"* овие прашања од кривично правна природа се појавуваат како претходни прашања во парничната постапка. Во вакви услови Граѓанскиот Суд може да одлучи да донесе решение за прекин на постапката и доколку веќе се води постапка пред Кривичен суд да ја чека одлуката на надлежниот (кривичниот Суд). Доколку не е покрената кривична постапка, Граѓанскиот суд може да реши да заземе став во однос на постоењето или непостоењето на

Иако концептот на ограничена одговорност на основачите и управителите долго време беше широко прифатен концепт, во теоријата и практиката постепено се изградија становишта кои ја оспоруваа оправданоста на овој концепт. Во насока на ова се и дискусиите на Томас Коопер кој што уште во 1800-та година истакнува дека правното лице и ограничената одговорноста на основачите на правното лице е совршен модел на измама, нечесно однесување и отсуство на лојалност во бизнис опкружувањето.[5] Како спротивставување на ова становиште, претседателот на Колумбија Универзитетот Николас Батлер ќе истакне: *„ограничената одговорноста на основачите претставува најголемото откритие на модерните времиња, и дека дури челикот и струјата се помалку битни отколку ограничената одговорност на основачите*[6]*"* Ваквата дијаметрално спротивставена перцепција за *„доктрината за подигнување на велот на правното лице"* се уште претставува основа за примена на различни правни методи и стандарди во судските постапки од страна на судовите. Како спротивставување на ова, Според Масеу и Mitts во своето дело *„три причини за оправданоста за подигнување на*

---

кривично дело. Ставот на граѓанскиот Суд нема да биде дел од диспозитивот на пресудата, туку од образложението на пресудата што укажува на неговата обврзност само во врска со прашањето кое се решава во граѓанската постапка. ***Затоа, во контекст на ова, истакнуваме дека во овие случаи судот не донесува одлука, туку зазема став.*** Граѓанскиот Суд исто така може да ги упати странките да се поведат постапка пред надлежниот суд и да ја чека одлуката од Кривичниот Суд за која Граѓанскиот суд е врзан. Види: Законот за парничната постапка, (*„Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009 и 116/2010*): *кога одлуката на судот зависи од претходното решение на прашањето* ***дали постои некое право или правен однос***, *а за тоа прашање уште не донел одлука судот или друг надлежен орган (претходно прашање),* ***судот може сам да го реши тоа прашање***, *ако со посебни прописи поинаку не е определено. Одлуката на судот за претходното прашање има правно дејство само во парницата во која е решено тоа прашање. Во парничната постапка судот во однос на постоењето на кривично дело и кривична одговорност на сторителот е врзан за правосилната пресуда на кривичниот суд со која обвинетиот се огласува за виновен.*

[5] Cooper T., Lectures on the elements of Political Economy, 247 (2nd ed., A.M. Kelley 1971) (1829).

[6] Buttler N.M., Why Should we change our form of Government? Studies in practical politics 82 (1912).

*велот на правното лице*" ќе истакнат: *не станува збор за доктрина, туку за правен лек кој е во насока на превенција на злоупотреба на правното лице од страна на физичките лица основачи или менаџери.*[7] Независно од ова, останува констатацијата дека ова проблематика е предмет кој што наметнува потреба и се повеќе создава простор за понатамошна анализа и елаборација.

## 1.ПОДИГАЊЕ НА ВЕЛОТ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ

### 1.1.Поим и значење на доктрината за подигање на велот на правното лице

Зачетоците на теоријата за „*подигнување на велот на правното лице*" се во земјите припаднички на *common law* системот.[8] Во земјите на континенталниот систем, попрецизно, во Германија, после втората светска војна под влијание на Соединетите Американски држави (*во понатамошниот текст САД*) инкорпорирана е теоријата за „*подигнување на велот на правното лице.*" Во САД ова теорија се развивала на база на богатата судска практика што за краток период со брза динамика станала бројна и хетерогена.

На полето на „*подигнувањето на велот на правното лице,*" англосаксонската судската практика се развивала низ призмата на подигнувањето на „*заштитниот sид*" на основачите/управителите преку концептот на *третирање на компаниите мајка-ќерка како единствена економска единица, одговорност на основачите/членовите на компанијата,* одговорност на управителите како физички лица во случај на злоупотреба на правното лице за сопствени интереси итн. Во насока на ова е случајот Salomon v Salomon & Co [U.K. 1897][9] каде што *English Court of Appeal* следејќи ја одлуката на *High Court* утврдил персонална

---

[7] Macey J., Mitts J., Finding Order in the Morass: The Three Real Justification for Piercing the Corporate Veil, *Cornell Law Review*, Forthcoming Yale Law & Economics Research Paper No. 488, 2014, p. 4.

[8] Matheson J.H., Why Courts Pierce: An Empirical Study of Piercing the Corporate Veil, Berkeley Business Law Journal, Vol. 7, 2010, p. 4.

[9] http://www.unibg.it/dati/corsi/65081/62134-Salomon%20v%20Salomon%20&%20Co.pdf, available from: 14.11.2014.

одговорност на господин Саломон за долговите на неговата компанија. Сепак, почитувајќи ја теоријата за правната сепарираност на правното лице од неговите членови, *House of Lords* едногласно ја поништил одлуката и утврдил дека Salomon и неговата компанија се два одделни правни субјекти.

Одлуките на *High Court* и *English Court of Appeal* за понатамошната судска практика претставуваат основа за примена на доктрината на *„подигнување на велот на правното лице.“* На самите почетоци од примената на доктрината за *„подигнувањето на велот на правното лице,“* судовите покажувале поголем сомнеж при утврдувањето на одговорност на основачите/членовите на компанијата, споредено со одговорност на правните лица по концептот мајка-ќерка. Попрецизно, судовите со поголема леснотија се одлучувале за подигнување на велот на правното лице во случај кога станувало збор за одговорност на компанијата мајка за обврските на компанијата ќерка, во однос на одговорноста на физичкото лице како единствен основач (*Salomon case*).[10] Во насока на ова донесени се одлуките во случаите *Adams vs Cape Industries plc8., Ebb Vale Urban District Council v South Wales Traffic Area Licensing Authority., DHN Food Distributors Ltd v Tower Hamlets London Borough Council., Woolfson v Strathclyde Regional Council., Industrial Equity Limited and Others v Tower Hamlet etc.*[11]

Зависно од фактичката состојба и околностите на случајот во секоја од овие поединечни пресуди, судовите го образложувале подигнувањето или неподигнувањето на заштитниот ѕид на основачите. Од образложението на пресудите, судовите во САД јасно ја покажувале тенденцијата да ја спречат секоја неправда, избегнување на одговорност што реално постои, искривување или криење на вистинитите факти, неоправданото истакнување на приговори од страна на основачите итн.

[10] Cheng T.K., The Corporate Veil Doctrine Revisited: A Comparative Study of the English and the U.S. Corporate Veil Doctrines, Volume 34, Issue, 2, 2011, p. 334. Available from: http://lawdigitalcommons.bc.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1660&context=iclr, 11.10.2014.

[11] Farat A., Michon D., Lifting the Corporate Veil: Limited liability of the Company Decision – Makers Undermined? Analyses of English, U.S., German, Czech and Polish Approach, *The common law Review, 2014,* p. 23.

Судовите преку судската практика јасно ја покажале намерата за овозможување и на истакнувањето на оправданите приговори што е неможно во ситуација кога ригорозно се применува принципот на одвоеност на правното од физичкото лице и нивните обврски.[12]

Во правната литература се среќаваат повеќе различни теории во врска доктрината за *„подигнување на велот на правното лице.“* Овие различни теории се плод на германската правни книжевност која што помеѓу другите ја истакнува и *„теоријата за субјективна злоупотреба на правата.“* Според ова теорија, начелото на одвоеност на правното лице од неговите основачи е неприменливо во случај кога правното лице се злоупотребува за постигнување на недопуштени, *спротивни на законот* цели. Идентична е суштината и на *„теоријата за целта на правната норма“* Според ова теорија, неприменливи се одредбите за одвоеноста на правното лице од неговите членови, во случај кога членовите ќе го злоупотребат правното лице за остварување на сопствените интереси. Во низата теории, најприфатлива е *„мешовитата теорија“* која што го нагласува исполнувањето на конкретни претпоставки за да се прифати подигнувањето на *„заштитниот ѕид“* помеѓу правното лице и основачите. [13]

Примената на овие теории е во рацете на судовите кои подигнувањето на велот на правното лице го практикуваат како исклучок. Зависно од фактичката состојба и стандардите на примена, практиката покажува дека судовите темелно анализираат пред да одлучат за нарушувањето на интегритетот на правното лице. Практиката во контекст на ова прашање покажува дека судовите се движат од линија на добивање на информација за контролата на основачот и неговиот интерен однос со субјектот што го основал, до комплетно игнорирање на корпоративниот ѕид на правното лице.[14]

Помеѓу овие крајности, судовите се одлучуваат и за пенетрирање на велот на правното лице и препишување на одговорност на основачите, и проширување на велот на групата правни лица кои вршат

[12] Matheson J., H., op. cit., p. 43.

[13] Види: Barbić J., Pravo društava, Knjiga Prva, Opći deo, Treće Izmijenjeno izdanje, Zagreb, 2008, p. 292.

[14] Ottolenghi S., From peeping Behind the Corporate Veil, to Ignoring it Completely, Modern Law Review, Vol, 53, 1990, p. 340.

заеднички активности и перципирајќи ги како единствен економски субјект (*единствена економска единица*).[15] На база на ваквата правна логика е донесена и одлуката во случајот *Adams v Cape Industries* каде што судот потврдил дека група компании може правно да се третираат како единствена компанија (*disregard of legal entity*).

Согласно идентични теоретски основи и концепти, доктрината за „*подигнување на велот на правното лице*“ е прифатена и во континенталниот правен систем, не исклучувајќи ја и практиката на Британските судови. Во суштина и двата правни системи се базираат на идентични теоретски образложенија за оправданоста на пробивањето на интегритетот на правното лице на компанијата ќерка, во однос на компанијата мајка, и тоа концептот на *агентура/agency*. Сепак, при примената на доктрината за подигнување на „*велот на правното лице*“ Европските судови многу потешко се одлучуваат за подигнување на заштитниот ѕид на основачите/управителите.

Ваквото становиште произлегува и од теоретската концепција на која се базира ова доктрина во поглед утврдувањето на одговорноста на компанијата мајка. Во прилог на ваквата констатација укажува и фактот што подигнувањето на велот на правното лице на компанија/ќерка во САД не е условено од постоењето на вина на компанијата мајка. Наспротив ова, според Европскиот правен систем постоењето на вина на компанијата мајка е суштествен критериум за препишување на нејзина одговорност. Иако ова концепција е применлива само во делот на одговорност за причинета еколошка штета согласно *Comprehensive Environmental Response Compensation and Liability Act* (*CERCLA*), сепак, истата е доволен индикатор за да се утврди разликата помеѓу Европските и судовите во САД.[16]

---

[15] Karapanco A., Karapanco I., The Piercing the Corporate Veil Doctrine: A comparative Approach to the Piercing of the Corporate Veil in the European Union and Albania, *Academic Journal of Interdisciplinary Studies, MCSER Publishing-Rome, Italy,* Vol.2 No. 9, 2013, p. 3.

[16] Види повеќе: Piercing the Corporate Veil for Environmental Torts in the United States and the European Union: The Case for the Proposed Civil Liability directive, *Boston College International and Comparative Law Review*, [Vol. XIX, No.2], 1996, p. 324.

## 2.ПОДИГАЊЕ НА ВЕЛОТ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СПОРЕД МАКЕДОНСКОТО ПРАВО И ПРАКТИКИ

### 1.Одговорноста на основачите и управителите во капиталните друштва според Македонското право

Проучувањето на доктрината за *„подигнувањето на велот на правното лице*" според македонските важечки прописи, се однесува на прашањето за личната и неограничена одговорност на основачите и управителите.[17] Во македонскиот правен систем, како и во најголем број компаративни правни системи, концептот на одговорност на основачите на друштвото за обврските на друштвото е условен од видот на трговското друштво за кое станува збор и тоа: *капитално или персонално друштво*.

Водејќи се од генерално воспоставената доктрина за одговорност на основачите, во важечките прописи изречено е предвидено дека *содружниците на јавното трговско друштво и комплементарите во командитното друштво и во командитното друштво со акции, одговараат за обврските на друштвото неограничено и солидарно со сиот свој имот*. Овој концепт на одговорност е широко прифатен и карактеристичен за *персоналните видови на трговски друштва*. Наспроти ова, *содружниците на друштвото со ограничена одговорност и акционерите на акционерското друштво како и командиторите во командитното друштво и командитното друштво со акции не одговараат за обврските на друштвото, освен ако со Законот за трговските друштва поинаку не е определено.*[18] Токму во делот на исклучокот од ова законско решение, предвиден е чл. 29 на ЗТД во кој што е содржан и главниот мотивот за елаборирање на ова проблематика. Имено, чл.29 се јавува како исклучок од правилото предвидено во чл. 28 од ЗТД. "согласно предвидениот исклучок, во определени ситуации предвидена е можноста содружниците, односно акционерите на трговското друштво да одговараат неограничено и солидарно за обврските на друштвото и тоа во случаите, ако: а) *го злоупотребиле*

---

[17] Во поглед на концептот на *„одговорност за обврските на друштвото*, "во овој контекст кон личната и неограничена одговорност ја додаваме и солидарната одговорност во случај кога станува збор за повеќе од еден содружник.

[18] чл. 27., ЗТД.

*друштвото како правно лице за да постигнат цели што за нив како поединци, се забранети;* б) *го злоупотребиле друштвото како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители;* в) *спротивно на законот, располагале со имотот на друштвото како со свој сопствен имот или* г) *во своја корист или во корист на кое било друго лице го намалиле имотот на друштвото, а знаеле или морале да знаат дека друштвото не е способно да ги изврши своите обврски спрема третите лица.*[19]

Остварувањето на кое било од наведените дејствија од чл. 28 на ЗТД е релевантен факт што повлекува посебна одговорност за основачите на капиталните трговски друштва. Во практиката нè ретко позицијата на основачите се поклопува со позицијата на управителот во друштвото. Оттука, основачот кој што истовремено е и управител на трговското друштвото одговара за обврските на друштвото лично и неограничено со целиот свој имот. На најопшто ниво, во вакви ситуации управителите (*истовремено и основачи во друштвото*), отстапиле од основаниот принцип и со тоа го повределе правниот стандард на однесување со внимание на уреден и совесен трговец.[20] Овој правен стандард е облигаторен за управителите на друштвото, па во случај кога управителот е и основач во друштвото, повредата на овој принцип повлекува лична и неограничена одговорност. Личната и неограничената одговорност *in concreto* на основачите подразбира нарушување на интегритетот на правното лице на трговското друштво и како такво претставува основа за нарушување на сигурноста во претприемаштвото како темелна вредност на уставниот поредок (*слобода на пазарот и претприемништвото*).[21] Сепак, искуството од практиката покажува дека примената на чл. 28 од ЗТД заштитува поголема темелна вредност,

[19] чл. 29., ЗТД.

[20] „Внимание на уреден и совесен трговец" е правен стандард за утврдување на одговорноста на лицата одговорни за управување и за надзор на друштвата, со којшто се определува со какво внимание овие лица треба да ги вршат доверените работи во друштвото, односно да се однесуваат со внимание на способен и (во работењето на друштвото) вешт човек (професионалец), при што тие одговараат за обична небрежност при вршењето на доверените работи, освен ако со друг закон не е определено дека одговараат само за груба небрежност.“

[21] Устав на Република Македонија, чл.8/1/8.

односно санкционира инкриминирано однесување на основачите, истовремено превенира настанување на идни *кривични дела и граѓански деликти во сферата на корпоративното право.* [22]

Најголемиот дел од судските пресуди чии диспозитив гласи утврдување на лична и неограничена одговорност за основачите и управителите е во врска со отворањето на стечајна постапка. [23] Лицата и органите овластени за управување, застапување и надзор на трговските друштва и други правни лица ќе бидат лично, солидарно и неограничено одговорни за штетите што ги предизвикале на доверителите на трговското друштво или друго правно лице - должник, ако не поднеле предлог за отворање на стечајна постапка, иако знаеле или морале да знаат за презадолженоста на трговското друштво или друго правно лице. Имотната одговорност за штети на лицата и органите не ја исклучува и не влијае врз можната казнена (кривична) одговорност на тие лица. На база на ваквото законско решение донесена е и пресудата на *основан Суд Велес П-481/13*.[24]

Остварувањето на ова дејствија истовремено подразбира остварување на законското битие на кривично дело *„оштетување или повластување на доверителите*." Имено, одговорното лице кое знаејќи дека правното лице станало трајно неспособно за плаќање, со исплата на долг или на друг начин намерно ќе стави некој доверител во поповолна положба оштетувајќи ги со тоа другите доверители, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години. Одговорно лице кое знаејќи дека правното лице станало трајно неспособно за плаќање, со намера да ги изигра или оштети доверителите ќе признае невистинито побарување, ќе состави лажен договор или со некое друго измамничко дејствие ќе

[22] Иако чисто корпоративна проблематика, доктрината за подигнување на велот на правното лице допира скоро со сите области на приватното и јавното право. Посебно во насока на ова се истакнуваат почитувањето на човековите права при имплементирањето на ова доктрина. Види повеќе за ова: Emberland M., The Corporate Veil in the Case Law of the European Court of Human Rights, Human Rights Law Review, Volume 14, Issue 4, 2014.

[23] Истражувањето ги вклучува и случаите на стечај и ликвидација на компаниите, односно случаите кога постои инкриминирано однесува на основачите односно управителите. Во голем број случаи од македонската

[24] http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=15585, пристапено на 09.09.2014 година.

оштети доверители, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.[25] Наведените однесувања покрај граѓанско правната одговорност предвидена во чл. 28 од ЗТД, повлекуваат и кривична одговорност најчесто преку предизвикувањето на лажен стечај и изигрување на доверителите во наплатувањето на своите побарувања од имотот на друштвото или од стечајната маса.

Секое однесување на управителите спротивно на законот, а на штета на доверителите ЗТД го санкционира со лична и неограничена одговорност предвидена во член 241 од ЗТД. Во делот на должно внимание и одговорност на управителот ЗТД предвидува дека управителот лично и неограничено ќе одговора, а ако друштвото има двајца или повеќе управители тие одговараат и солидарно, спрема друштвото *и спрема третите лица* за работењето спротивно на одредбите на законот и другите прописи и за непочитувањето на договорот за друштвото. Ако има повеќе управители тие одговараат неограничено и солидарно. Иако концепциски овој правен основ на одговорност на управителите е надвор од доктрината на *„подигнување на велот на правното лице,“* сепак е во функција на заштита на доверителите и служи како надополнување на чл.28 од ЗТД, особено ако се земе предвид фактот за поклопувањето на статусот на основачот и управителот. На ваквото становиште сме пред се поради фактот што за (*во ситуација кога управителот не е и основач во друштвото*) отстапувањето од правниот стандард ЗТД предвидел посебна граѓанска одговорност на управителите. Ова сосема логично ако се земе предвид различниот основ од кои што основачите и управителите го црпат својот легитимитет во преземањето на конкретни дејствија.

Изрекувањето пресуда со посебна одговорност на основачите на друштвото е условено од остварувањето на битијата на овие дела што претставува фактичко прашање. [26]Во насока на ова е и табеларниот приказ во прилог.

---

[25] Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014 и 160/2014).

[26] Проблематиката бара повеќе простор за елаборација во цел утврдувањето на сите аспекти на ова прашање. Истражувањето во ова насока би било најкорисно

| **СУД** | **Број на пресуди по член 28 од ЗТД** | **Пресуди со кои е подигнат велот на правното лице** | **Пресуди со кои не е подигнат велот на правното лице** |
|---|---|---|---|
| **Основен суд Гевгелија** | 6 | 1 | 5 |
| **Основен суд Неготино** | 4 | 1 | 5 |
| **Основен суд Кавадарци** | 5 | 2 | 3 |
| **Основен суд Штип** | 6 | 2 | 4 |
| **Основен суд Скопје 2 Скопје** | 18 | 6 | 12 |
| **Основен суд Велес** | 7 | 2 | 5 |
| **Вкупно** | 46 | 14 | 32 |

*Резултатите во табеларниот приказ се добиени на база на податоците од Судски пресуди во период од 2010-2014 година, објавени на интернет страниците на Судовите согласно член 99 од Законот за Судови, судски информатички систем.*[27]

---

доколку се базира на тоа каква е динамиката на подигнувањето на велот кога основачи се правни лица, а каква кога основачи се физички лица. По кои основи најчесто е нарушен заштитниот ѕид на основачите, во колку од постапките судот утврдил инкриминирано однесување, се решава ли како претходно прашање ова проблематика од страна на граѓанските судови итн.

[27] ЗС, чл. 99., Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2006; 62/2006; 35/2008 и 150/2010).

## 2.Оправданоста на доктрината за подигање на велот на правното лице

Имплементирањето на доктрината за „*подигнување на велот на правното лице*" во скоро сите правни системи на англосаксонскиот и континенталниот систем е доволен аргумент за оправданоста на примената на ова доктрина. Имено, и покрај бројните полемизирања во поглед на не/оправданоста за постоењето на ова теорија, на крај останува констатацијата за нејзината нужна имплементација. Во насока на ваквото теоретско сфаќање стои и размислувањето на проф. Bakst според кој што *во случај кога концептот на „правно лице" ја нарушува довербата во бизнис секторот, го оправдува погрешното, го заштитува криминалот, правниот поредок го перципира трговското друштво како здружение на физички лица.*[28] Во правната литература и практика постојат бројни аргументации и концепти кои се однесуваат на превенирањето на злоупотребата на правниот субјективитет на правното лице во чија позадина стои волјата на неговите основачи/членови.[29] Помеѓу нив најексплоатирани се случаите на докапитализација на друштвото, alter ego теоријата и третирањето на повеќе правни лица како една економска единица. Во правната литература овие три концепции се прифатени како најсуштествените причини што го оправдуваат нарушувањето на концептот за сепарираност на правното лице од неговите основачи, и тоа како исклучок.

### 1.1. Теорија на докапитализација на друштвото

Теоријата за докапитализација ја наоѓа својата примена во случај кога основачите во друштвото не го внеле потребниот основачки капитал, или тоа не го направиле во постапката на зголемување на

[28] Bakst D.S., op.cit., p. 322.

[29] Во контекст на ова не ја истакнуваме само волјата на физичкото лице иако во основа постои и единствено релевантна е таа. Имено, и во случаите кога основачи на правното лице/трговското друштво се правни лица застапувани преку нивниот застапник по закон, волјата на истите ја формира физичките лица.

основана главнина, па следствено го злоупотребиле друштвото како правно лице.[30]

Во *Minton v. Cavaney*,[31] судот го подигнал заштитниот ѕид и утврдил одговорност на компанијата неадекватна докапитализација. Имено, во овој случај тужителот поднесе тужба до тужениот кој што беше директор на базен за кој што имаше склучено договор за закуп. Во моментот кога се удавила ќерката на тужителот тој поднел тужба за обесштетување. Судот пресудил дека во ситуација кога нема доволно средства за обесштетување по основа на донесената пресуда, основачот исто така одговара за штетата. Сепак, ваква не резонирал и судот во случајот *Walkovsky v. Carlton*.[32] Во овој случај тужителот бил удрен од таксист кој што работел за такси компанија што била дел од синџирот компании. Ниту една од компаниите во веригата немала доволно имот за да го обесштети тужителот. Целокупниот имот со кој што располагале биле автомобилите. Судот не сметал дека ова претставува основа за применување на теоријата за докапитализација и да повлече средства од повеќето компании во низата за да го обесштети тужениот. Ова пресуда уште еднаш ја потврдува целосната зависност на пресудата од фактичката состојба, околностите на случајот и перцепцијата на судот. [33]

### 1.2. Alter ego теорија

Во „alter ego теоријата“ содржан е најексплоатираниот концепт за утврдување злоупотреба на правното лице од основачите. Ова претставува основа за подигнување на ѕидот на правното лице и препишување одговорност на компанијата основач што истовремено е и

[30] Padfield S.J., In Search of a Higher Standard: Rethinking Fiduciary Duties of Directors of Wholly-Owned Subsidiaries, Fordham Journal of Corporate & Financial Law, Volume 10, Issue 1, 2004, p. 87.

[31] http://www.ecases.us/caselaw/authorities/cal/1156432/minton-v-cavaney, available from: 08.11.2014.

[32] http://www.invispress.com/law/corporations/walkovszky.html, available from: 02.11.2014.

[33] Види повеќе: Heintzman T.G., Kain B., Through the Looking Glass: Recent Developments in the Piercing the Corporate Veil, Book section: Modern Maritime Law, 3rd, 2013, p. 537.

доминантен сопственик на акциите во компанијата ќерка.[34] Во насока на ова се бројни пресуди помеѓу кои и пресудата од случајот *Hidrocarburos y Derivados, c.A. v. Lemos, 453 F. Supp. 160 (S.D.N.Y 1978).*[35]

По истата правна логика утврдена е одговорноста во *Zaist v. Olson.*[36] Имено, во овој случај судот контатирал дека не секогаш мора да постои доминантност на компанијата основач во однос на основаната компанија за да Судот го подигне велот на правното лице. Доволно е од самата фактичка состојба да произлегува дека самостојното постоење на основаната компанија е без никаков интерес, односно очигледна е нецелисходноста. Во вакви ситуации без разлика на не/постоењето на доминација во однос на капиталот, јасно е дека компанијата ќерка е основана со цел да ги задоволи интересите на компанијата мајка.

Алтер его теорија во суштина го претставува едно исто лице на што укажува и самата терминологија што се употребува за објаснување на овој концепт на одговорност. Со примената на ова теорија во деловната практика се редуцира можноста физичките или правните лица основачи да се скријат зад компаниите кои што ги основале. Токму во овој сегмент практиката покажува дека судовите имаат најмалку бариери кога треба да одлучат за повикување на одговорност согласно „*alter ago теоријата.*"

[34] Пробивањето на велот на правното лице и утврдувањето на одговорноста н компанијата мајка за обврските на компанијата ќерка е целосно прифатена практика во Американската судска практика. Проф. Thompson направил истражување 637 случаи кои вклучуваат групно подигнување на велот на правното лице и лоцирање на одговорноста на компанијата мајка. Во 237 случаи судот го подигнал велот на правното лице (37,21%). Во 314 случаи или 56,99% судот утврдил доминантна позиција и контрола на компанијата. Види: Rands W.J., Domination of Subsidiary by a Parent, Indiana Law Review, [Vol. 32:421], 1999, p. 422.

[35] Bakst D.S., op.cit, p. 6.

[36] http://uknowledge.uky.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1227&context=law_facpub, available from: 22.09.2014.

## 3.ПОДИГАЊЕ НА ВЕЛОТ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СПОРЕД ЕВРОПСКОТО, КОМПАРАТИВНО ПРАВО И ПРАКТИКИ

### 3.1. Концептот на *piercing the corporate veil* во примарното и секундарното право на ЕУ

Основите на трговско друштво на Европско ниво се поставени во член 54 од Договорот за основање на Европската Унија (ДОЕУ)/*Treaty on the Functioning of the European Union (TFEU)*. Во смисла на член 54 од договорот, станува збор за субјекти кои се со статус на компании основани според граѓанското или трговското право, вклучувајќи и кооперативни здруженија или други правни лица уредени со јавното или приватното право.[37] Правниот персоналитет на овие субјекти е во тесна врска со концептот на ограничена одговорност на основачите и членовите на менаџментот во друштвото. Попрецизно, правниот субјективитет е во тесна врска со одговорноста за корпоративното управување на трговското друштво. Овој принцип на делување е во духот и правилата на *„Европско друштво/Societas Europea"* за постоењето на правен персоналитет и ограничена одговорност на основачите согласно Регулатива број 2157/2001 година која што се однесува на статутот на Европското друштво. [38]

Правниот режим на концептот на ограничената одговорност на основачите и членовите на органот на управување, и можноста за подигнување на велот правното лице е на линија на уредување на односите повикувајќи се на Европското и националното право. Имено во преамбулата на Директива број 46/2006 година[39] јасно е утврдено дека органите на управувањето дејствуваат согласно дадените компетенции/авторизација од страна на националното право. Меѓутоа не постои никаква пречка за членките на ЕУ (*MS/member states*) да

[37]Consolidated Version of the TFEU, Official Journal, C 83/4730.03.2010, and art. 54, paragraph 2), available from: http://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/TXT/?uri=CELEX:12012E/TXT.

[38] (Council Regulation (EC) No. 2157/2001, 08.10.2001, on the Statute for a European Company (SE), Official Journal, L 294/1, 10.11.2001, art. 1, paragraph 2).

[39] (Directive 2006/46/EC of the European Parliament and the Council of 14 June 2006 Official Journal, L224/1, 16.08.2006, preamble, paragraph 2). http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2006:224:0001:0007:EN:PDF, пристапено на: 06.10.2014 година.

предвидат директна одговорност спрема акционерите, и можност судовите да изречат индивидуални санкции за членовите на одборот на директори како физички лица.[40] Во насока на ова е и *параграф 2 од преамбулата на DIRECTIVE 2006/46/EC OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 14 June 2006, amending Council Directives 78/660/EEC on the annual accounts of certain types of companies, 83/349/EEC on consolidated accounts, 86/635/EEC on the annual accounts and consolidated accounts of banks and other financial institutions and 91/674/EEC on the annual accounts and consolidated accounts of insurance undertakings*, каде што во контекст на консолидираните годишни сметки изречно е утврдено дека одговорноста за изготвувањето и објавувањето на годишните и консолидирани сметки се базира на националното право.

Една од првите пресуди за *„подигнување на велот на правното лице"* е пресудата во случајот *ICJ, Case Belgium v. Spain, the Barcelona Traction, Light and Power Company Limited, Judgment of 05.02.1970.*[41] Имено, *Barcelona Traction, Light and Power Company Limited* била компанија со седиште во Канада и компанија под нејзина контрола со седиште во Шпанија. Во најголем дел основачите на компанијата биле од Белгиска националност. Како резултат на отворањето на стечајна постапка во Шпанија, Белгија поднесе тужба против Шпанија во име на своите државјани.

Европскиот Суд на правда ја утврдил целата фактичка состојба, се повикал на соодветното материјално право и констатирал дека актот единствено ги повредува правата на компанијата како правно лице, а не и на акционерите, иако и нивните интереси се повредени. Европскиот Суд на правда и судовите во сите Европски законодавства дозволуваат подигнување на заштитниот ѕид во исклучителни ситуации, како средство за контрола на акционерите. Во скоро сите европски правни системи примената на ова доктрина е условено е нечесното и измамничко однесување на основачите, злоупотребата на имотот на

[40]Во суштина ова значи граѓанско правна одговорност и надомест на штета од личниот имот на членовите на управниот одговор, или бордот на директори, зависно од начинот на управување на друштвото (*едностепен или двостепен систем на управување*) *in concreto*.

[41] Karapanco A., Karapanco I., op.cit., p. 155.

правното лице, не внесувањето на соодветен во висина и вредност имот во компанијата итн. Последново во суштина ја наметнува потребата од докапитализација на компанијата под надзор и опасност од пробивање на границата помеѓу правното лице и основачите/членовите на друштвото.

Иако не во мерка во која тоа е практика во Американското право, идентичен концепт за примена на ова теорија е имплементиран и во Европските јурисдикции. Одговорноста се движи во насока на подигнување на велот на компанијата и препишување на одговорност на компанијата која е доминантна. Во случајот *Emmerich Volker and Haserback Mathias, Konzernrecht, Eighth Edition, 2005,* установено е правото на доверителите да тужат (*да бидат обесштетени*) од страна на компанијата мајка во случај кога последната дејствуваа спротивно на интересите на деловните субјекти што ги основала.

Европскиот Првостепен Суд пресудил во насока на заштита на правата на доверителите и во случај на постоење на верига на компании основани една од друга. Имено, во случајот *Akzo Nobel NV v. Commission, the European Court of Justice* (ECJ) потврдил дека низата меѓусебно поврзани компании преку капиталот претставуваат единствена економска единица која што ќе одговара за обврските на првото во низа правно лице во облигацијата. Идентични стандарди Европскиот Суд применил и во случајот *Stora Koppabergs Bergslags AB v. Commission (C-286/98, Stora Kopparbergslags AB v. Commission, 2000,* каде што Судот компанијата и нејзините единици ги третирал како една економска единица.

Иако далеку поригорозни во примената, Европскиот Суд и националните судови на државите припаднички на континенталниот систем користат идентични методите и стандардите за примена на ова доктрина. Во зависност од обемот на економија, реализираните статусни промени, пријателски и непријателски преземања, се развива компанискиот право и во ова насока. Конечно, да не го заборавиме фактот дека колевка на ова теорија е САД.

## ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

Проучувањето на концептот за „*подигнувањето на велот на правното лице* “ е во тесна врска со повеќе сегменти на деловното и воопшто општественото опкружување. Имено, исклучувањето од одговорност на основачите и управителите и ограничувањето на одговорноста на имотот на правното лице, многу често значи отворање на стечајна постапка и доведување на доверителите во изиграна позиција.

Земајќи предвид дека бизнис опкружување се базира на еден синџир на дистрибуција на стоки, услуги и прилив на средства, отворањето на стечајна постапка врз еден деловен субјект нè ретко може да биде причина за исполнувањето на условите за отворање на стечај и врз друг субјект, доверител на стечајниот должник. Ова е чест случај во сите мали економии каде што целокупниот промет на стоки и услуги се базира на работата не неколку компании должници и доверители.

Во Република Македонија, „*подигнувањето на велот на правното лице*“ е најприменлив во стечајните постапки. Отворањето на стечајната постапка подразбира можност за лична одговорност на управителите и основачите во случај кога го злоупотребиле друштвото како правно лице и со тоа ги довеле во незавидна позиција доверителите на стечајниот должник. Во ситуација кога управителот е и основач на друштвото, нарушувањето на заштитниот ѕид е симплифицирано.

Согледувајќи ја Европската практика, јасно е дека при одлучувањето за „*подигнувањето на велот на правното лице*“ нужно е да се земат предвид суштествените фактори, услови и методи за да се повикаат на одговорност основачите и членовите на управниот одбор како физички лица. Судовите посебно треба да бидат внимателни при утврдувањето на одговорност на основачите во друштвата, или менаџерите кои истовремено се со статус на основачи/акционери или содружници во односот. Ова од причина што одговорноста на менаџерите кои немаат основачки влог во друштвото се уредува и со посебни правила и реперкусиите се секогаш врзани за тоа дали едно лице под закана за лична одговорност ќе прифати да биде управител или не. Ни се чини тука нема никаква дилема со оглед на тоа што менаџерот во текот на основањето на друштвото не презема никакви ризици. Ризикот е товар на основачите, па неправилната примена на правилата за

подигнување на велот, во суштина негативно се одразува на претприемачкиот дух на сите идни потенцијални носители на деловни потфати. Од друга страна, правилната примена на член 28 од ЗТД значи превенција од низа негативни реперкусии во повеќе општествено сфери. Суштествено за секоја мала економија е обемот на економските активности да биде поставен на здрави основи. Само деловните потфати поставени на здрав претприемнички дух можат да бидат во насока на раст и развој на економијата. За таа цел сосема е оправдано постоењето и примената на член 28 од ЗТД чија примена бара темелна анализа на фактичката состојба *in concreto*.

Конечно, со оглед на постепеното ширење на бизнис релациите надвор од територијата на Република Македонија, глобализацијата и концентрацијата на капиталот во неколку светски „гиганти" статусните промени помеѓу деловните субјекти итн., нужно е осознавањето на Европското право и практики како дел од еден поширок правен поредок во кои што се реализира и нашето национално право. Сепак, во англосаксонските земји судовите многу полесно се одлучуваат за примена на ова теорија. Во одредени случаи судовите без најсилна правна аргументација препишуваат одговорноста на основачите. Ваквото становиште го потврдува и образложението на судијата *Wilson J.*, во пресудата *Kotsiopoulos v. Constitution Insurance Co.*, *„немам сомневање дека велот на правното лице треба да биде подигнат со цел да се оствари правдата.* "

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

### КНИГИ, НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ:

Bakst D.S., Piercing the Corporate Veil for Environmental Torts in the United States and the European Union: The Case for the Proposed Civil Liability directive, *Boston College International and Comparative Law Review*, [Vol. XIX, No.2], 1996;

Rands W.J., Domination of Subsidiary by a Parent, *Indiana Law Review*, [Vol. 32:421], 1999;

Padfield S.J., In Search of a Higher Standard: Rethinking Fiduciary Duties of Directors of Wholly-Owned Subsidiaries, *Fordham Journal of Corporate & Financial Law*, Volume 10, Issue 1, 2004;

Macey J., Mitts J., Finding Order in the Morass: The Three Real Justification for Piercing the Corporate Veil, *Cornell Law Review*, Forthcoming Yale Law & Economics Research Paper No. 488, 2014;

Gerner-Beuerle C., Schuster E., The costs of Separation: Friction between Company and Insolvency Law in the Single Market, LSE Law, *Society and Economy Working Papers*, 6/2014;

Cheng T.K., The Corporate Veil Doctrine Revisited: A Comparative Study of the English and the U.S. Corporate Veil Doctrines, *Volume 34, Issue, 2*, 2011;

Emberland M., The Corporate Veil in the Case Law of the European Court of Human Rights, Human Rights Law Review, *Volume 14, Issue 4,* 2014;

Elkin J., Lifting the Veil and Finding the Pot of Gold: Piercing the Corporate Veil and Substantive Consolidation in the United State, *Dispute Resolution International, Vol. 6 No. 2,* 2012;

Heintzman T.G., Kain B., Through the Looking Glass: Recent Developments in the Piercing the Corporate Veil, *Book section: Modern Maritime Law*, 3rd, 2013;

Sheppard A. M., New Trends in Piercing the Corporate Veil – The Conservative versus the liberal approaches, Business law Review, *Volume 35,* 2014;

Thomason M.A., Piercing the Corporate Veil, *Facts&Findings*, 2011;

**ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ НА РМ, ДИРЕКТИВИ И РЕГУЛАТИВИ НА ЕУ:**

Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014 и 138/2014);

Закон за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“бр. 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013).

Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014 и 160/2014);

Consolidated version of the Treaty on the Functioning of the European Union (TFEU, 2007);

DIRECTIVE 2006/46/EC OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 14 June 2006;

COUNCIL REGULATION (EC) No 2157/2001 of 8 October 2001 on the Statute for a European company (SE) THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION.